# ПРАШАЊА И ОДГОВОР ПОВРЗАНИ СО ПРИМЕНАТА НА ПРОМЕНЛИВИТЕ КАМАТНИ СТАПКИ ВО ПОРТФОЛИОТО НА БАНКАРСКИ АКТИВНОСТИ

**Прашање: Дали може да се определи долна и/или горна граница на каматната стапка (референтна каматна стапка зголемена за додатокот, фиксен дел)?**

**Одговор:** Банката ја уредува висината и структурата на каматните стапки на кредитните и депозитните производи во своите интерни акти, а во согласност со важечките законски прописи. Во случај на примена на променлива каматна стапка чијашто висина на периодична основа се менува во зависност од движењето на некоја избрана референтна каматна стапка соодветна за валутата на конкретниот производ, банката може во договорите да определи долна и/или горна граница на висината на договорната каматна стапка. Во оваа насока укажуваме на препораката на гувернерот на Народната банка од октомври 2016 година, дека видот и висината на каматната стапка, како и начинот на менување на висината на каматните стапки треба да бидат транспарентно и јасно утврдени во конкретните договори.